Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.140/2014), постапувајќи по барањето на „ГРАДСКИ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 13-04-2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На „ГРАДСКИ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ Скопје му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата „ГРАДСКИ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014 и бр.146/2015)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

„ГРАДСКИ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ, Скопје до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.0801-188/1 од 08.04.2016год. за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран правник и две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека "ГРАДСКИ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ, Скопје ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016).

На ден 13.04.2016г.Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на „ГРАДСКИ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ, Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 0801-188/2

Од 13.04.2016год.

Скопје

Претседател на

Регулаторна комисија за домување

Д-р Ракип Малоски